ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 06/24



15.03.2024 година

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА ОРТОДОНЦИЈА

Наставно - научниот совет на Факултетот за дентална медицина, во состав на Европскиот универзитет Скопје, на 205-та седница одржана на 13.03.2024 година донесе одлука за формирање на рецензиона комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа „Ортодонција“ (30403 Фраскатиева класификација) по распишаниот Конкурс објавен во весникот „Вечер“ на 26.02.2024 година. Со одлука број 02-331/1 од 13.03.2024 формирана е рецензиона комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа „Ортодонција“ во состав: Проф.д-р Лидија Кануркова, Проф.д-р Наташа Тошеска-Спасова и Проф. д-р Енис Реџеп. На конкурсот се пријави д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска др.сци.

Врз основа на пријавената и поднесена документација, рецензионата комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска е родена во Скопје на 10.12.1962 година, каде што ги завршила основното училиште и средното образование со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1981/82 година, а дипломирала во 1986 година со среден успех 9,87.

Во учебната 1986/87 година се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје по предметот ортодонција, а во декември 1992 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Гнатометриски карактеристики на нормалната оклузија кај македонско население„ и станала магистер на стоматолошки науки од областа на ортодонцијата.

По завршувањето на задолжителниот едногодишен лекарски стаж, во јули 1990 година го положила стручниот испит пред испитната комисија на Здравствениот дом во Скопје.

Специјализацијата по предметот ортодонција, започната во јули 1991 година, ја завршила со полагање на специјалистичкиот испит на 28.04.1994 година.

На 17.03.1995 година била избрана во звањето асистент по предметот ортодонција, преизбрана е во декември 1998 и во мај 2003 година. За научен соработник била избрана во јуни 2004 година, а во септември 2008 година избрана е во звањето насловен доцент. Во септември 2014 избрана е за доцент на Факултетот за стоматологија при Европскиот универзитет – Р. Македонија, а во март 2019 за вонреден професор и ја изведува наставата по предметот ортодонција на Факултетот за дентална медицина, во состав на Европскиот Универзитет - Република Северна Македонија.

Во јуни 1996 година ја пријавила докторската дисертација под наслов „Цервикалните прешлени како индикатори за одредување на мандибуларниот раст“ која ја одбранила во јули 2000 година, со што станала доктор на стоматолошки науки.

Во јуни 1989 година се вработила на Клиниката за ортодонција при Стоматолошките клиники како клинички лекар, каде до крајот на октомври 2013 година работела на Клиниката за ортодонција при УКСЦ „Св. Пантелејмон“. Од 1-ви ноември 2013 година работи во сопствената специјалистичка ординација по ортодонција „Ортодонција д-р

Маја“, а од октомври 2014 и како доцент по предметот ортодонција на Факултетот за стоматологија, во состав на Европскиот Универзитет - Република Македонија.

Како најдобар дипломиран студент на генерацијата во учебната 1986/87 година била наградена и добила пофалница од универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, како и признание од Сојузот на здруженијата на лекарите од Македонија. По повод 40-годишнината од основањето на Универзитетот, доделена и е повелба, во знак на признание за завршувањето на Стоматолошкиот факултет со највисок среден успех меѓу двата јубилеја на Универзитетот. Има добиено и Пофалница од Стоматолошкиот факултет по повод 30-годишнината од основањето на Факултетот, во знак на признание за успешна работа и придонес во извршувањето на задачите, а исто така и Благодарница во 1999 година по повод 40 години од основањето на Стоматолошкиот факултет. По Повод Светскиот ден на здравјето, добитник е на Диплома во 1995 година и Благодарница во 1996 година од Македонското лекарско друштво. Од III Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество има добиено Благодарница во знак на признание за придонес во реализацијата на научната програма на Конгресот. Доделена и е Пофалница во 2009 година, по повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет во Скопје и Благодарница за учество во работата на Стоматолошкиот факултет во Скопје по повод јубилејот 60 години од неговото постоење.

**Наставно-образовна дејност**

Како асистент, научен соработник, а и како насловен доцент на Клиниката за ортодонција, вклучена била во секојдневната рутинска работа, и учествувала во одржување на студентските вежби и предавањата на студентите од Стоматолошкиот факултет, за студентите на Високите школи за стоматолошки сестри и забни техничари со теоретска настава од 2004 до 2009 година, предавања за специјализанти во учебната 2006/2007 година како и во изработката на научни и стручни трудови.

Покрај изведувањето на практичната и теоретската настава, учествувала и во изготвувањето на прашањата за писмениот дел од испитот по предметот ортодонција и програмата за докторски студии, била член на комисијата за ЕКТС и комисијата за ревизија на наставните програми. Исто така била вклучена и во работата со студентите како ментор на четири студентски теми и повеќе студентски семинарски трудови. По изборот за доцент од 2014, и на вон.проф во 2019 година ја изведува теоретската настава по предметот ортодонција на Факултетот за стоматологија, во состав на Европскиот Универзитет - Република Македонија, како и наставата на школата за Виши забни техничари.

Автор е на книгата „Морфофункционални корелации меѓу темпоро-мандибуларниот зглоб и мастикаторните мускули“ во 2009 г., коавтор на учебното помагало „Превентива на оралните заболувања“ 2010 година и коавтор во учебното помагало „Ортодонција“ I од 2012 година. Во рамките на проектот на владата на Р. Македонија за превод на странски учебници превела и стручно лекторирала четири книги од странски автори во 2010 и 2011 година.

Присуствувала на Првиот симпозиум на ортодонтите на Југославија во Ниш 1996 г.; научниот симпозиум „Примена на ласерите во стоматологијата“ Скопје 2002; на III стручно-едукативен симпозиум со меѓународно учество од здружението на приватните стоматолози во Скопје 2003 година; симпозиумите на ортодонтите на Македонија во Велес и Струмица 2005; меѓународниот симпозиум на ортодонтите во 2006 година во

Крушево; „Актуелности во стоматологијата во 21-от век – 2007; симпозиум со меѓународно учество „Клиничка ортодонција“ - Скопје 2007; симпозиуми организирани од ЗОМ „Фацијални асиметрии ортодонтско-хируршки аспект“ во март 2010 Скопје; „Темпоромандибуларни пореметувања“ во Куманово 2010, организирано од Стоматолошкото здружение на Македонија; „Детекција, превенција и третман на импактирани заби“ 2011 Скопје; меѓународен симпозиум „Современи концепти во оралната хирургија“ октомври 2012; симпозиум со меѓународно учество „Биолошки концепти во конзервативната стоматологија Скопје ноември 2012; симпозиуми од ЗОМ „Современи технологии во ортодонцијата“ ноември 2013; собир организиран од МСД „Да се радуваме на здравата насмевка“ во март 2014; „Каде оди ортодонцијата денес-дилеми предизвици, решенија“ мај 2014 година; „Современи аспекти во терапијата на ортодонтските аномалии“ октомври 2014г.; „Биомеханика, функција и естетика“ во Велес, октомври 2015; „Современи стоматолошки методи и техники“ во декември 2015 во Скопје; и активно учествувала на семинарот на ДДДММ во Прилеп во март 2016 „Современи концепции во денталната медицина“. Во 2017 година учествувала на симпозиумот на Здружението на специјалисти по ортодонција „Интердисциплинарен пристап во третманот на скелетни ортодонтски аномалии и функционални пореметувања“ во април, во мај на симпозиумот на Европскиот универзитет Р. Македонија „Забни патози -превенција и третман“ и во октомври на симпозиумот на Здружението на специјалисти по ортодонција „Ортогната хирургија: Современ тренд во ортодонтско-хируршкиот третман на лицево-вилични анаомалии“ во Стар Дојран. Во 2018 година, месец април учествувала на симпозиумот организиран од МСД-Здружението на специјалисти по ортодонција во Скопје „Во светот на дентофацијалната ортопедија“, а во 2019 година на симпозиумот „Ортодонтска дијагноза- императив за успешен ортодонтски третман“ и „Предизвиците на тимот кој креира насмевка“. Во 2020 на „Терапевтски модалитети за зачувување на денталното здравје во детска возраст“ и „Актуелности во стоматологија“, во 2021 на симпозиумите „Ковид-19 и аспекти на стоматолошка етика и деонтологија“ и „Инфекции и третирање на инфекции во секојдневната стоматолошка практика“; во 2022 на „Ортодонција без граници од најсовремена и правилна дијагноза до стабилни резултати“ и „Современ пристап и иновации во стоматолошката пракса“; и во 2023 година на симпозиумите „Работа со деца- предизвик на современата стоматологија“, „Современи пристапи во третманот на пациенти кои примаат антикоагулантни, антиагрегатни и анти-хипертензивни лекови“ и на симпозиумот организиран од Факултетот за дентална медицина при Европскиот универзитет „Протоколи во стоматологијата кај лица со посебни потреби“.

Учесник била и на семинари организирани од Стоматолошкиот факултет: „Примена на ласерот во оралната патологија„ - март 2006; „Дентални фокални инфекции-профилакса и менаџмент“ март 2007; Алергии во стоматологијата“ октомври 2008; „Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата„ - март 2010; семинар на Асоцијацијата за дезинфекција и стерилизација на Македонија за „Нови стандарди и трендови во стерилизацијата во здравствените установи“ -Скопје 2010; есенски семинар на ортодонтите „Од колеги за колеги“ - Маврово 2011 година.

Присуствувала и на следните курсеви: постедукативен курс по ортодонција во декември 1993 година организиран од Стоматолошкиот факултет каде имала активно учество како и на I семинар на забни техничари на Р. Македонија во Охрид 1999 година; на постедукативниот курс - II собир на ортодонтите на Македонија во Маврово 2000г.;

Мулинова техника и Делерова маска од проф. Verdon 2000г.; курсеви од германската фирма Dentaurum за техниката на прав лак одржани во Скопје февруари 2001 „Strait arch technique I„ и во 2005 „Strait arch technique II"; курс од проф. Il Bon Kim 2003; курсеви од д-р Милачиќ „Clinical orthodontics-strait wire appliance I и II" март и јуни 2005; постедукативен курс од областа на ортодонција „Фацијалната Р-А телерентгенометриска метода при дијагностицирањето на орофацијалните и дентофацијалните варијации" - октомври 2005 со активно учество; едукативни курсеви за „Нови хоризонти во ортодонтскиот третман на малоклузија II класа" -Скопје 2007; „Примена на non-complience апарати во ортодонтскиот третман на малоклузија класа II" од проф. д-р Moschos Papadopoulos одржан во Скопје во мај 2007 г.; курс „Tomas pins-Mini screws as absolute anchorage in orthodontics" од д-р Thomas lietz во Скопје март 2008; едукативен курс „Миофункционално влијание на развитокот на лицевите структури врз забите" од д-р Niels Hulsink октомври 2008; „Релевантни концепти во третманот на малоклузиите" од проф.д-р Ram Nanda Охрид 2009г.; „Getting to grips with Damon philosophy" од д-р P. van den Heerden во Скопје 2011; курсеви од д-р Vittorio Cacciafesta „Changes in the treatment mechanics by the implementation of modern bracket designs" Скопје март 2012, март 2014 „Техника на прав лак-промени во механиката на третманот преку имплементирање на современо дизајнирани брекети-2" и "Biomechanics in orthodontics" во септември 2014; од д-р Santiago Isaza Penco - Advatage of Dentaurum brackets system including SL techniques"; декември 2014 Niels Hulsink – MRC Clinics Course "The myofunctional approach in theory and practice". Во 2015 година јуни месец активно учествувала во работилницата „Употреба на миофункционални апарати кај малфункции на ТМЗ". во 2019 на курсевите од Forestadent "Treatment of Class III Malocclusion in growing and adult patients" и на "Diagnosis, treatment planning and therapy of different malocclusions with MB 5.0 Strait Wire appliance" во 2022 година. Истата година во септември активно учествувала како водител на курсот „Терапија со миофункционални апарати кај малоклузии и дисфункции на ТМЗ комбинирана со The Farrel Bent Wired System".

Како член на редакцискиот одбор на Стоматолошката ревија - информативно гласило на Стоматолошкиот факултет ги изготвувала статиите од областа на ортодонцијата. Исто така била член на претседателството на здружението на ортодонтите од 2005 до 2009 година, а до крајот на 2013 и член на едукативниот одбор на ДСАМ. Активно се служи со англиски, а пасивно со германски и грчки јазик.

Во ноември 2003 година престојувала на Одделот за ортодонција на универзитетот во Атина, Грција, каде што ги посетувала сите теоретски и практични часови од студентската и пост дипломската настава и учествувала во клиничката работа.

**Научно-истражувачка дејност**

Д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска се занимавала и со научноистражувачка работа, изработувајќи 89 труда и активно учествувала и на повеќе домашни и странски конгреси: активно присуствувала на трансферите на наука на стоматолозите на Македонија во Дојран 1993 и VII собир на стоматолозите од Р. Македонија и пасивно во 1996 и 1997 година; конгреси на Балканското Стоматолошко друштво во Истанбул 1999, во Солун 2000 и 2010, и во Охрид 2004; Европски ортодонтски конгреси: 79.конгрес во Прага 2003, 81.во Амстердам 2005, 82.конгрес во Виена 2006, 86. во Порторож 2010, 87. во Истанбул 2011 година; и на конгресите на стоматолозите од Македонија првиот во 1994, вториот во 1998, третиот во 2002 година и 2006 каде била и член на научниот одбор на 4. Конгрес;

1.Македонски имунолошки конгрес во Охрид 1996 и Првиот конгрес на ортодонтите на Македонија во Охрид 2009 година како активен учесник на самиот конгрес и во научниот одбор на конгресот, како и на вториот конгрес на ортодонтите на Македонија во Скопје 2012 година. Активно учествувала на 7-миот Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество „Стоматолошката наука во секојдневната практика" во Охрид во јуни 2015 година. Во декември 2015 година во Солун присуствувала на 18$^{th}$ Greek National congress of the Greek Orthodontic Society, и имала активно учество и била член на научниот одбор на 3-тиот Конгрес на здружението на специјалисти по ортодонција во Охрид, мај 2016 година. Во декември 2017 активно учествувала на првиот конгрес на Балканската асоцијација на специјалисти ортодонти одржан во Солун и 20$^{th}$ Greek National congress of the Greek Orthodontic Society and Orthodontic Society of Northern Greece, Грција, а во септември 2018 година учествувала и на осмиот конгрес на стоматолозите со меѓународно учество организиран од МСД, „Зад здравата насмевка-наука и уметност" одржан во Охрид. Во 2019 година активно учествувала на меѓународниот конгрес во Охрид - 3$^{rd}$ congress of BAOS and 4$^{th}$ of MOS, The Highs and Lows of Orthodontics-Our Learning Curve, а во 2023 на 26 th Congress of the BaSS, во Скопје.

Досега објавените трудови рецензирани се во: трудовите од реден број 1 до реден број 4 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1992 година; трудовите од реден број 5 до реден број 11 во Билтенот бр. 630 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1994 година; трудовите од реден број 12 до реден број 19 во Билтенот бр. 710 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1998 година; трудовите од реден број 20 до реден број 29 во Билтенот бр. 826 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2003 година; трудовите од реден број 30 до реден број 34 во Билтенот бр. 850 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2004 година; трудовите од реден број 35 до реден број 44 во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, јули 2008 година; од реден број 45 до реден број 50 во Билтенот бр. 992 од 2010 година; од реден број 51 до реден број 58 во Билтенот бр.1026 од 2012 година; трудот под реден број 59 во Билтенот бр.1054 од 2013 година; трудот под реден број 60 е рецензиран во Билтенот на УКИМ бр.1167, април 2018 година. Трудовите под реден број 61 и 62 се рецензирани во Билтен број 03/2018 на Европскиот Универзитет – Република Македонија во Скопје; трудот под реден број 63 е рецензиран во Билтенот на УКИМ бр.1167, април 2018 година; трудовите под реден број 64, 65, 66, 69, 70,71, 73 се рецензирани во Билтен број 03/2018 на Европскиот Универзитет – Република Македонија во Скопје; а трудовите под реден број 67,68,72 и од 74 до 80 во Билтен од 28.03.2019 03/2018 на Европскиот Универзитет – Република Македонија во Скопје.

Од последниот избор до денес има изработено девет и објавено шест стручни и научни трудови.

81.Bogdanovska B, Pop Stefanova-Trposka M, Gavrilovic I, Curcieva-Cuckova G, Bogdanovski S. Vertical irregularities influence over the size, form and shape of the symphysis. Acta morphologica 2019; vol 16(1):29-33.

Вертикалните димензии и морфолошките и дентоалвеоларните структури имаат влијание врз големината на мандибуларната симфиза. Поради ова целта на оваа студија е да се прикажат морфолошките карактеристики на симфизата во зависност од длабочината на

преклопот на инцизивите. Висината на симфизата е најголема во групата со отворен загриз, а длабочината во групата со длабок загриз. Добиените податоци можат да послужат во предвидувањето на третманот кај пациентите со различна длабочина на инзивниот прклоп.
Трудот има стручно, научно и апликативно значење.

82.Pop Stefanova-Trposka M. Dental anxiety and stress in orthodontic patients. Book of abstracts 3rd congress of BAOS and 4th of MOS, Ohrid, 2019:25.
Во оваа студија е евалуирана анксиозноста и стресот кај пациенти со ортодонтски апарати и деца со присуство на кариес. Со користење на скалата за анксиозност по Sarason и едноставен Стрес-тест адаптиран за деца, најдена е умерена анксиозност и релативно нормално ниво на стрес. Во заклучокот се наведува дека стравот и анксиозноста од денталниот третман може да предизвика потешкотии во третманот на овие деца.
Трудот има стручно, научно и апликативно значење.

83.Petkovski B, Pop Stefanova-Trposka M, Dimitroska S. Multidisciplinary approach in treating hypodontic case – case report. Book of abstracts 3rd congress of BAOS and 4th of MOS, Ohrid, 2019:104.
Во овој труд авторите презентираат интердисциплинарен приод кај пациент со хиподонција на горни и долни втори премолари. Пациентот е третиран ортодонтски со фиксен ортодонтски апарат, а потоа и протетски со изработка на мостови. Во заклучокот се наведува дека хиподонцијата која има негативен ефект врз естетиката и функцијата треба да има ортодонтско-протетски третман.
Трудот има стручно и апликативно значење.

84.Petrova E, Pop Stefanova-Trposka M, Fiser V, Manevska I, Nikolov T, Kadric E. Class III Malocclusion: A Case Report. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) 2019; e-ISSN: 2279-0853, p-ISSN: 2279-0861.Volume 18, Issue 11:7-9.
Во овој труд прикажан е случај со хиподивергентна малоклузија III класа, комбинирана со импакција на максиларен канин. Авторите нагласуваат дека во зависност од морфолошкиот тип - хипер или хиподивергентен тип, зависи кој протокол на третман ќе се примени за корекција на оваа тешка дентофацијална аномалија, со што третманот треба да започне колку што е возможно порано поради специфичната морфологија и психолошкиот имакт врз пациентот.
Трудот има стручно апликативно значење.

85.Kostadinovska E, Belazelkovska-Grezhlovska A, Joseva D, Pop Stefanova-Trposka M. Traumatic intrusion of the permanent tooth-A case report. Abstract book 26 th Congress of the BaSS, Skopje, 2023.
Целта на овој труд е приказ на осум годишен пациент со комплетна интрузија на перманентен десен централен инцизив, третиран со имедијатна хируршка репозиција и третман на коренскиот канал. После 10 месечно следење забележан е задоволителен резултат. Авторите заклучуваат дека денталната траума е комплексна и многу често е асоцирана со некроза на пулпата и инфламаторна некроза. Решавањето се фокусира со третман на коренскиот канал.
Трудот има стручно апликативно значење.

86.Bogdanovska B., Pop Stefanova Trposka M., Butrint D., Jusufi G. Influence of vertical irregularities on the size of soft tissue convexity, nasolabial and labiomental angle. Macedonian Dental Review 2023;46(3):79-86.
Во ова истражување авторите ја определуваат големината на вертикалните скелетни димензии на лицето кај три групи испитаници со отворен, длабок и нормален загриз. Заклучуваат дека конвексноста на меките ткива е поголема во групата со длабок загриз, додека лабиоменталниот агол е зголемен во групата со отворен загриз.
Трудот има стручно и научно значење.

87.Pop Stefanova Trposka M., Sarakinova O., Bogdanovska B. Level of dental anxiety and stress in patients with orthodontic appliances. Macedonian Dental Review 2023;46(3):95-101.
Стравот и анксиозноста од стоматолог и денталниот третман е широко распространет проблем кој резултира со значителна бариера за прифаќање на стоматолошка грижа. Поради тоа целта на оваа студија е да се евалуира анксиозноста и чувството на стрес кај две групи на пациенти, ортодонтски - деца кои носат мобилни ортодонтски протези и педодонтски пациенти - деца со приуство на кариес. Во заклучокот се нагласува дека постои умерена анксиозност и релативно нормално ниво на стрес кај децата под дентален и ортодонтски третман. Најдените збирни вредности за психометриските тестови се сигнификантно варијабилни во согласност со возраста.
Трудот има стручно, научно и апликативно значење.

88.Pop Stefanova-Trposka M., Bogdanovska B., Jusufi G. A review for using the cervical vertebra on cephalometric analysis in orthodontics. Apolonia Journal of dentistry 2023;52-53:87-99.
Во овој ревијален труд авторите даваат преглед на методите на користење на морфологијата на цервикалните прешлени од кефалометриските анализи, бидејки постои корелација помеѓу морфологијата на првиот цервикален прешлен и положбата на главата и помеѓу инклинацијата на атлас и сагиталната положба на долната вилица. Исто така, можно е да се одреди и скелетната возраст од латералните кефалометриски снимки, со што се елиминира дополнителното рентгенско зрачење и се добива точен податок за врвот на пубертетот и започнувањето на ортодонтскиот тетман.
Трудот има стручно, научно и апликативно значење.

89.Bogdanovska B., Pop Stefanova-Trposka M., Jusufi G., Bogdanovski I. Morphological characteristics of mandibular symphysis in different types of vertical malocclusions. Apolonia Journal of dentistry 2023;52-53:29-39.
Целта на оваа студија е да прикажат морфолошките карактеристики на мандибуларната симфиза кај индивидуи со нормален, отворен и длабок загриз. Во заклучокот се наведува дека вертикалниот раст на симфизата е најголем во групата со отворен загриз, а најмал во групата со длабок загриз. Хоризонталниот раст на симфизата е најголем во групата со длабок, а најмал во групата со отворен загриз. Не се најдени разлики помеѓу машките и женските испитаници. Добиените податоци можат да послужат за предвидување на успехот на третманот.
Трудот има стручно и научно значење.

# ЗАКЛУЧОК

Рецензионата комисија, врз основа на целокупната доставена документација, како и личното познавање на кандидатката, позитивно ја вреднува и оценува наставнообразовната, научноистражувачката и стручната дејност на вон.проф.д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека вон.проф.д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска поседува научни, наставни и стручни квалитети и според Законот за високото образование ги исполува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор од наставно научната област „Ортодонција“.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина, во состав на Европскиот универзитет - Скопје, да ја избере вон.проф.д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска во наставно-научно звање Редовен професор од областа „Ортодонција“.

Рецензиона комисија

Проф.д-р Лидија Кануркова, dr.sci ----------------------------------

Проф.д-р Наташа Тошеска-Спасова, dr.sci ---------------------------

Проф.д-р Енис Реџеп, dr.sci --------------------------------------------